**БИМ а.д. Свети Николе**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## на БИМ а.д. СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2015 год.

**Св.Николе, 2015 год.**

**Подносител,**
**Генерален директор,**
**Дипл.екк. Ѓорги Стојанов**

Врз основа на чл. 17,28,37 од Статутот на БИМ а.д. Свети Николе, Собранието на акционери на БИМ а.д. Свети Николе, по предлог утврдениот Бизнис план од страна на Генералниот директор на БИМ а.д. Свети Николе и Одборот на директори на својата седница одржана на ден __________ година донесе и усвои:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**
**на БИМ а.д. Свети Николе за 2015 година**

БИМ а.д. Свети Николе ја обавува својата работа врз основа на донесена и усвоена **ПРОГРАМА ЗА РАБОТА.**

Тековното планирање е насочено и усогласено со моменталните услови за стопанисување во нашата држава.

Каква ќе биде реалната поставеност на Годишната програма за работа во услови на многу тешко стопанисување во државата, во услови на економска нестабилност, во услови кога во светот се уште се останати последиците од економската криза која трае повеќе години, останува да видиме во текот и крајот на 2015 година.

Во Програмата за работа за 2015 година се содржани следните планирања:

-Планирање на производството
-Планирање на реализацијата на готови производи
-Планирање на увозот и извозот
-Планирање на трошоците и расходи
-Планирање на набавката на суровини и материјали
-Планирање на структурата на вработените
-Планирање на инвестиционото вложување
-Планирање на вкупниот приход

Поголем дел од горенаведените планирања зависат од реалната поставеност на планирањето на производството и планирањето на реализацијата, како и од моменталните услови за стопанисување.

Програмата за работа за 2015 година е изготвена така што се ова горе наведено се зема во предвид, а за основа се имаат во предвид и остварените резултати од претходната 2014 год, но планираните резултати ќе одат по надолна линија во однос на остварените во 2014 год.

## Планирање на производство

Планирањето на производството е така што за нас тоа ќе претставува реална можност да се произведе, но и да се продаде. При **Планирање на Производството ,** се тргна од моменталните услови за работа, од економските услови за стопанисување ,во услови каде што постои една несигурност на пазарот, било во однос на продажбата било во однос на набавката на суровини и материјали.

При Планирање на производството се тргна и од оствареното производство во 2014 година.

Вкупно физичкиот обем на планираната количина производство во 2015 год. изнесува вкупно 14.700 тони, а од тоа планираме да се произведат:

-Битуменски траки..................... 4.000 тони
-Битуменски маси....................... 2.530 тони

Планираното вкупно производство за 2015 година од 6.530 тони во однос на оствареното производство во 2015 година, го планираме со помал обем на производство за околу 5 % .

Во текот на планираната година доколку се јави потреба на пазарот од поголема количина на поодделни видови на производи , БИМ а.д. има капацитет и можност да одговори на поголеми побарувања од купувачите.

Битно е да се напомене дека изминатите години се карактеризираат пред се со производство на класични траки додека за 2015 година планираме разновидно производство од специјалните траки, кои не го зголемуваат обемот на производство, но за сметка на тоа ке даваат поголем профит, односно се по профитабилни.

БИМ а.д. располага со асортиман од околу 90 вида на производи, и неколку вида на полупроизводи, но на барање на купувачите се произведуваат и производи кои што имаат посебен квалитет и специјална намена.

Планираното производство на битуменски траки за 2015 година го искажуваме во тони и изнесува 4.000 тони. кое во однос на оствареното во 2014 год. е помало за 5 % .

Планираниот обем на количината битуменски маси за 2015 год. Го искажуваме во тони и изнесува 2.530 тони производство, кое во однос на оствареното во 2014 год. е помало за 5 % .

Вкупно финансовиот обем на планираната количина производство изнесува 234.761.118 ден. и тоа:

-Битуменски траки....................... 143.204.283.00 денари
-Битуменски маси......................... 91.556.835.00 денари

Кога станува збор за Планирањето на производството треба да се има во предвид дека тоа се однесува на работењето и производство за единаесет месеци и тоа со паузи во текот на месецот со целосно исклучување на греењето.

Имајки го во предвид временскиот карактер на производство и употреба на нашите производи тие ќе се произведуваат во различни временски интервали .

**Планирање на реализација**

Планирање на реализацијата за 2015 година се однесува на физичкиот и финансовиот обем на количина битуменски маси и траки што планираме да се продадат во 2015 година на домашен пазар и во странство.

Физичкиот обем на вкупно планираната продажба изнесува 6.530 тон и од тоа планираме да се продадат:

-Битуменски траки . . . . . . . . . 4.000 тона
-Битуменски маси . . . . . . . . . . 2.530 тона

Појдовна основа во планирање на продажбата е остварената продажба во 2014 год. како и Планот за производство, Планираната продажба за 2015 година во однос на остварената во 2014 год. е планирана со помал обем за 5% во однос на остварената продажба битуменски траки и маси во 2014 год.

Битуменските траки ги планираме да се продадат во помал обем за околу 5% во однос на остварената продажба битуменски траки во 2014 година.

Битуменските маси планираме исто така да се продадат на пониско ниво, во однос на остварената продажба битуменски маси во 2014 год.

Вредноста на планираната продажба за 2015 година еиста како и вредноста на планираното производство за 2015 година.

Напоменуваме и тоа дека за да бидеме конкурентни на странскиот пазар продажните цени на некои видови готови производи се приближни до калкулативните цени се со цел да не го изгубиме пазарот надвор од државата, но и домашниот пазар.

Вредноста на количината битуменски траки и маси што планираме да се продаде изнесува 234.761.118 денари од тоа:

-Битуменски траки.............. 143.204.283.00 ден.
-Битуменски маси................ 91.556.835.00 ден.

## Планирање на извозот и увозот

За 2015 година БИМ а.д. планира продажба на странски пазар со вредност од 140,856,671.00 денари односно планира девизен прилив од 2.290.352,00 еур-а.

Извозот планираме да го оствариме директно преку својата комерцијална служба. Напоменуваме дека не е исклучена можноста да се најдат наши производи на странскиот пазар и преку индиректни извозници, но таквата продажба не ја евидентираме како извоз.

Планираме извозот да се оствари во соседните земји бидејки на овие простори можеме да бидеме конкурентни и тоа со продажни цени кои се приближни до цените на чинење, а понекогаш и испод тие цени..Ова е се со цел да не се загуби пазарот кој сме го имале повеќе години.На пазарите во Западна Европа и со овие намалени продажни цени на производите не сме конкуретни.

Неконкурентноста на продажните цени е како резултат на оддалеченоста на нашиот производен капацитет од изворите на суровини кои во поголем дел се и надвор од државата.

Главната суровина битумен за 2015 год. планираме дел да биде набавена од увоз, дел да ја набавиме преку домашни увозни фирми, односно набавката да биде директно преку БИМ а.д.

Увозот на суровини и материјали, амбалажа претежно ќе биде насочен кон Србија, Бугарија, Чешка, Словачка, Германија и други западно европски земји .

Во однос на 2014 година извозот, односно продажбата на странскиот пазар, го планираме со помал обем за околу 5 %, а увозот го планираме со помал обем за околу 4 %.

## Планирање на набавка на суровини и материјали

Планирањето на набавката на потребните суровини и материјали се однесува на материјалниот обем на потребните суровини за обавување на нормалниот тек на производниот процес.

Набавките на суровините ќе бидат од странски и домашен пазар. Ќе набавуваме суровини од Србија (, битумен, калиев сапун, амбалажа), Бугарија (термално уље) Германија (стаклен воал, полиестерски филц, кратон), Чешка (сиров картон) .

Од домашниот пазар ќе се набавуваат останатите потребни суровини, (талк, варовник, мазут, нафта, кварцен песок).

Кварцен песок ќе обезбедиме од пескара која работи во склоп на БИМ а.д. Тој се добива од набавен несепариран песок кој по обавената сепарација во пескара дава кварцен песок потребен за производство на некои видови траки, а дава и градежен песок кој се продава како таков на домашен пазар.

## Планирање на вработени и нивна структура

За извршување на поставените плански задачи за работа во 2015 година ќе бидат ангажирани 66 вработени.

Бројот и квалификационата структура на вработените за 2015 година е како што следува:

- -Високо образование............. 10
- -Више образование................ 4
- -Средно образование..............34
- -Ниже образование.................18

Врз основа на Планот на вработените и нивната структура пресметана е планирана бруто плата за 2015 година. На име бруто плата планираме да бидат исплатени 19.898.808 ден.

## Планирање на расходи и трошоци

Планираните вкупни трошоци за 2015 година имаат вредност од 231.166.331. ден. кои во однос на остварените од 2014 год. се планирани со помал обем за околу 5 %.

Најголемо учество во вкупните трошоци ќе имаат потрошените суровини и материјали со вредност од 160.156.204.00 ден.

Битуменот како основна и главна суровина во вкупни трошоци ќе има учество од 44,5%.

Мазутот како основен енергетски материјал е одделен и него го планираме со вредност од 40.918.559,00 ден.

Бруто платите ќе имаат вредност од 19.898.808.00 ден.

Трошокот за превоз го планираме со вредност од 3.000.000 ден.

Амортизацијата како трошок ја планираме со вредност од 7.192.760 ден. и

Вкупните трошоци ги планираме со големина која ќе биде покриена со планираните приходи.

## Планирање на инвестиции

Во 2015 планираме процесот на инвестиции ќе биде подзапрен со оглед на тоа што во текот на 2013 и 2014 година имавме крупни инвестиции за набавка и монтажа на виталните делови на машината за производство на битуменски траки како и инвестиции во котелот и други помали инвестиции кои го потпомагаат процесот на производство.

**Планирање на вкупен приход**

Планирањето на вкупниот приход е изготвен врз основа на предходно споменатите планирања, пред се се мисли на Планирање на производството, Планирање на реализацијата и Планирањето на трошоците .

Доколку ќе се оствари се она што е зацртано во Програмата за работа за 2015 година би се остварил вкупен приход во вредност од 234.761.118 денари , кој во однос на остварениот од 2014 годин е планиран со помал обем за околу 5% .

Вкупниот приход планираме да се оствари од приходи од продажба, приходи од финансирање и други приходи.

Приходите од продажба ги планираме со вредност од 234.761.118,00 денари.

Како резултат на се вкупното работење зацртано со Програма за работа планираме да ги оствариме следните финансиски резултати.

-Вкупен приход....................... 234.761.118,00 денари
-Вкупно трошоци.................. 231.166.331,00 денари
-Бруто добивка........................ 3.594.787,00 денари

Претседател на Собрание
на акционери на БИМ а.д.
Свети Николе
____________________

Членови на Одбор на директори

-Стојанче Стојанов ____________
-Владимир Гилев _____________
-Василка Стоилова_____________
-Драгољуб Николов _____________